# ДОГОВОР

## за изведување практична настава на студенти

Склучен на ден _____________ година помеѓу договорните страни:

1. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје,** со седиште во Скопје на ул. „16-та Македонска Бригада“ бр. 3, 1130 Скопје, застапуван од деканот проф. д-р Ѓорги Груевски од една страна (во понатамошниот текст **Факултетот) и**

2. **______________________________________, со седиште во ______________________** на ул. ________________________________________, застапувано од управителот ____________________________________ од друга страна (во понатамошниот текст **фирма-соработник).**

Водени од заедничките интереси, договорните страни слободно пристапија кон склучување на овој договор, со цел да им се обезбеди на студентите можност да се стекнат со практична вештина како и со работно искуство кое ќе ја зголеми нивната конкурентност и ќе им помогне при вработувањето во иднина.

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на овој договор претставува регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни, а кои произлегуваат од изведувањето на практична настава на студентите на Факултетот во рамките на неговата дејност и согласно важечката законска и подзаконска регулатива.

**Начин на реализирање на практичната настава**

**Член 2**

Во согласност со потребите на наставно-научниот процес, практична настава се организира согласно Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава на студентите („Сл. весник на РМ“ бр. 120/2010).

**Член 3**

Практичната настава се состои во практични и корисни задачи и ангажмани во рамките на фирмата-соработник каде што истата се изведува.

**Член 4**

Бројот на студенти кои ќе бидат дел од предметот на овој договор ќе се определи согласно организациските и просторните можности на фирмата-соработник.

Упатувањето на студентот се врши со упатница-потврда, издадена од страна на Факултетот, во која се наведени податоците на студентот, студиската програма на која студентот е запишан и името на фирмата-соработник.

По завршувањето на практичната настава, фирмата-соработник на студентот ќе му издаде заверена и потпишана потврда за реализирана практична настава.

Потврдата од претходниот став, студентот ја враќа на Факултетот.

**Времетраење на практичната настава и место на реализирање**

**Член 5**

Практичната настава не може да трае помалку од еден месец ниту повеќе од три месеци.

Практичната настава не може да трае помалку од еден ниту повеќе од осум часа во текот на денот.

Студентите практичната настава ќе ја изведуваат во фирмата-соработник.

**Права и обврски на договорните страни**

**Член 6**

За изведување на практична настава фирмата-соработник се обврзува да ги обезбеди сите неопходни услови за нормално остварување и изведување на истата.

Фирмата-соработник е должна да го запознае студентот со сите негови права и обврски кои е должен да ги почитува.

Фирмата-соработник има обврска да обезбеди достапност до информации и вештини за студентите.

Фирмата соработник е должна да води евиденција на присутност на студентите кои реализираат практична настава.

Студентот е должен да ги почитува и да се придржува кон сите правила и прописи, кои важат за вработените во фирмата-соработник.

Студентот е обврзан да ја обавува практичната настава во текот на службеното работно време на фирмата-соработник.

Студентот за време на реализацијата на практичната настава води дневник за секојдневните активности.

Договорните страни се обврзуваат да обезбедат тајност и заштита на личните податоци на студентите на начин што нема да бидат повредени обврзувачките законски и подзаконски акти.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 7**

Овој договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување и заверување од двете договорни страни и истиот се склучува на неопределено време.

Измена и дополнување на договорот може да се склучи во писмена форма со Анекс кон овој договор.

За сè што не е предвидено со овој договор се применуваат и важат позитивните законски прописи.

Секоја договорна страна има право да го раскине овој договор без надомест на штета и должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна во писмена форма без одложување.

**Член 8**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено во духот на добрите деловни обичаи со взаемно договарање.

Во спротивно надлежен за нивното решавање е Основниот суд Скопје 2-Скопје.

**Член 9**

Овој договор е составен во 4 (четири) идентични примероци, за секоја договорна страна по 2 (два) примероци.

| | |
|---|---|
| УКИМ, Факултет за дизајн и технологии | ____________________________ |
| на мебел и ентериер-Скопје | ____________________________ |
| Декан, | Управител, |
| ____________________________ | ____________________________ |
| Проф. д-р Ѓорги Груевски | |